


# *ЕУ ВЕСТИ*

***ЕУ ЦЕНТАР***
***Февруари 2025 година***
***ЕУЦ-број 99/2025***

## РАБОТНА ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА 2025 ГОДИНА




Европската Комисија ја усвои Пограмата за работа за 2025 година, во која се нагласува амбицијата за зајакнување на конкурентноста, безбедноста и економската издржливост во ЕУ.

Работната програма се фокусира на водечките иницијативи што Комисијата ќе ги преземе во првата година од нејзиниот мандат.

Работната програма ја придружува и Комуникација за имплементација и поедноставување. Таа утврдува како Комисијата планира, во текот на следните пет години, да го олесни спроведувањето на правилата на ЕУ во пракса и да ги намали административните оптоварувања и да ги поедностави правилата на ЕУ. Содржи цели и алатки кои помагаат да се олесни регулаторното оптоварување, да се зајакне конкурентноста и еластичноста и да се обезбедат брзи и значајни подобрувања за луѓето и бизнисите.

Клучни резултати од работната програма на Комисијата за 2025 година се:

- **Одржлив просперитет и конкурентност**: реализација на заложбите од Компасот за конкурентност на Европската Унија, вклучително и Стратегијата за единствениот пазар на ЕУ.
- **Одбрана и безбедност:** ќе претстави Патоказ за прекин на увозот на руски енергенси и изработка на „Бела книга“ за одбрана на Унијата и на Европска стратегија за внатрешна безбедност. Ќе донесе правила за наркотици и Директива за трговија со огнено оружје.
- **Одржување на квалитет на живот:** Комисијата ќе претстави визија за земјоделство и храна за да обезбеди стабилна рамка за земјоделците и да претстави патоказ за клучните предлози. Пакетот за поедноставување на Заедничката земјоделска политика ќе се однесува на изворите на сложеност и административен товар за земјоделците и националните администрации.
- **Заштита на демократијата и одржување на вредностите:** иницијативите како Штитот на демократијата ќе се справат со заканите како што се зголемениот екстремизам и дезинформациите.

**Глобална Европа:** слободата на Украина останува приоритет. ЕУ е посветена на праведен, сеопфатен и траен мир заснован на решението со две држави на Блискиот Исток.

**Заедничко испорачување и подготовка на Унија за иднината:** Комисијата планира да претстави нова Повеќегодишна финансиска рамка фокусирана на поедноставување на пристапот до финансирањето на ЕУ и подобрување на финансиското влијание за поддршка на национално, приватно и институционално финансирање.

Комисијата тесно ќе соработува со институциите на ЕУ, националните и регионалните влади, приватниот сектор, социјалните партнери, граѓаните и граѓанското општество.

Линк до програмата на комисијата: https://commission.europa.eu

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Работна програма на Европската Комисија за 2025 година | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Заштита на водите во Европа | 2 |
| Евробарометар за млади | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Нови алатки за Е-трговија | 6 |
| Пораст на бројот на фалсификувани евра | 6 |
| Нови правила за одржлива и конкурентна економија за пакувања | 7 |
| ПРОСТЕ ПИСМО - ВИ алатка за Полското претседателство со Советот на ЕУ | 7 |
| Одбанбена агенда на ЕУ за 2025 година | 8 |
| Конференција за иднината на пазарот на трудот | 8 |
| Охрабрување на жените за учество во науката | 9 |
| Акциски план за намалување на трошоците за енергија | 9 |
| Анкета за употреба на вештачка интелигенција на работни места | 10 |
| Библиотека со докази за земјоделски практики: алатка за земјоделска одржливост | 10 |
| Нови државјанства во ЕУ во 2023 година | 11 |
| ЕУ календар / март 2025 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 10-13 февруари 2025 година***

Евpпратениците на февруарската пленарна сесија со 507 гласа дадоа согласност за новиот ажуриран договор за рибарство. Договорот има за цел да ја подобри соработката помеѓу ЕУ и Кабо Верде за да и помогне на земјата да развие одржлива политика за рибарство и да го промовира социоекономскиот развој.
Европскиот парламент со 378 гласа усвои препораки до Европската централна банка, по дебатата за нејзините приоритети и активности со претседателката Кристин Лагард. Европратениците истакнаа дека ЕЦБ треба да стори повеќе за да ја запре инфлацијата, чии најлоши ефекти ги чувствуваат најранливите во општеството и да се осигури дека секое пуштање на дигитално евро ќе ги земе предвид грижите на граѓаните.
Во своето обраќање на пленарната сесија Руслан Стефанчук, претседател на украинската Врховна Рада ја повика ЕУ да продолжи и да ја зголеми поддршката за Украина. На неговата земјаи требаат повеќе одбранбени системи, повеќе авиони и повеќе инвестиции во нејзината воена индустрија, истакна Стефанчук.
Европпарламентот со 589 гласа ги одобри промените на правилата што земјите членки сакаа да ги направат во Директивата за ДДВ, а ги наведоа во ноември минатата година. Со измените целосно ќе се дигитализираат обврските за пријавување ДДВ за прекугранични трансакции до 2030 година со бизниси кои издаваат е-фактури за прекугранични трансакции бизнис-бизнис и автоматски ги известуваат податоците до нивната даночна администрација.
Европскиот парламент усвои резолуции за човекови права за Турција, Никарагва и Нигерија.
Во резолуцијата усвоена на 13 февруари годинава, европратениците ја осудија окупацијата на Гома и другите територии во источна Демократска Република Конго (ДРК) од страна на бунтовниците М23 и одбранбените сили на Руанда како прифатливо нарушување на суверенитетот и територијалниот интегритет на ДРК.

## ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ ВО ЕВРОПА



Европската комисија на 4 февруари 2025 година ги објави најновите извештаи за состојбата со водите во Европската Унија.
Според новите извештаи, иако е постигнат напредок за подобрување на водните тела на Европската Унија во текот на изминатите шест години, потребна е поголема акција.
Само 39,5% од површинските водни тела на ЕУ постигнуваат добар еколошки статус, а само 26,8% постигнуваат добар хемиски статус. ЕУ даде клучни препораки до земјите членки за подобрување на управувањето со водите до 2027 година.
За управувањето со ризикот од поплави, Комисијата ги препознава направените забележителни подобрувања, но повторно нагласува дека треба повеќе да се направи од страна на земјите од ЕУ. Тие треба да ги прошират нивните административни капацитети и соодветно да се инвестира во превенцијата од поплави, особено со оглед на денешната реалност на почести и посилни поплави. Извештајот за Рамковната директива за морска стратегија открива дека има значителен простор за подобрување, особено за постигнување добар еколошки статус на сите морски води на ЕУ.
Овие извештаи опфаќаат имплементација на три клучни делови од законодавството на ЕУ за води: Рамковна директива за води, Директива за поплави и Рамковна директива за морска стратегија.
Како придружба на извештаите, Комисијата упати повик за докази барајќи од различни засегнати страни да споделат придонес и да помогнат во дизајнирањето на идната Европска стратегија за отпорност на вода.

https://ec.europa.eu

## ЕВРОБАРОМЕТАР ЗА МЛАДИ




Зголемувањето на цените и трошоците за живот ги загрижува 40% од 16-30-годишниците кои учествуваа во најновото истражување на Евробарометар за млади.
Една третина од испитаниците изразиле доверба дека ЕУ треба да го насочи своето внимание на животната средина и климатските промени во следните пет години, додека 31% веруваат дека економската ситуација и отворањето работни места треба да бидат приоритет.
Околу три од десет (29%) сакаат ЕУ да даде приоритет на социјалната заштита, благосостојбата и пристапот до здравствена заштита. Повеќе од еден од пет испитаници ги истакнале образованието и обуката (27%), домувањето (23%) и одбраната и безбедноста на ЕУ (21%) како важни приоритети за ЕУ. Европската одбрана е особено загрижувачка за младите во Чешка (36%), Полска (33%) и Естонија (32%).
Социјалните медиуми се главен извор на информации за политички и социјални прашања за 42% од испитаниците на возраст од 16-30 години, а телевизијата е втор најпопуларен извор (39%). Преференцијата за ТВ е особено забележлива кај оние на возраст од 25-30 години. Оваа возрасна група исто така е поверојатно да користи онлајн платформи за вести и радио отколку 16-18-годишниците. Помладите учесници (16-18) се потпираат повеќе на социјалните медиуми (45%) отколку 25-30-годишниците (39%) и им веруваат на пријателите, семејството или колегите за информации (29% во споредба со 23%).
Инстаграм е врвна платформа за добивање политички и социјални вести кај младите (47%), следен од TikTok (39%). X (поранешен Твитер) го користат само 21% од младите луѓе, покажува истражувањето.
Во девет земји на ЕУ, повеќе од половина од испитаниците изјавиле дека биле изложени на дезинформации „често“ или „многу често“, со најголеми пропорции од Малта (59%), Унгарија (58%), Грција (57%), Луксембург (55%) и Белгија (54%). Спротивно на тоа, уделот на оние кои веруваат дека никогаш не биле изложени на дезинформации и лажни вести е највисок во Романија (19%), а потоа во Бугарија (11%).
Уверени дека можат да препознаат дезинформации биле 70% од учесниците во истражувањето. Испитаниците од Малта и Хрватска беа најсигурни во нивната способност да препознаат дезинформации, додека оние од Австрија, Германија и Словенија се чувствуваат најмалку сигурни.
Истражувањето за млади на Евробарометар беше спроведено од Ипсос помеѓу 25 септември и 3 октомври 2024 година во сите 27 земји-членки на ЕУ. Вкупно 25.863 млади луѓе на возраст од 16-30 години беа анкетирани преку компјутерски асистирано веб интервјуирање (CAWI) користејќи онлајн панели. Резултатите беа пондерирани според процентот на оваа возрасна група во секоја земја на ЕУ.

https://www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието, Африм Гаши, на 12 февруари 2025 година оствари средба со Анжеј Фрагнеш, специјален претставник на Република Словенија во Република Северна Македонија. На средбата Гаши ги истакна заложбите на Словенија за прашањето на проширувањето да остане високо на агендата на ЕУ, како и поддршката што ја дава на нашата држава на патот кон ЕУ. Искуствата покажуваат дека процесот на проширување е единствената алатка за обезбедување просперитет, безбедност и стабилност на европскиот континент. Фрагнеш истакна дека од особено значење е процесот на отворање на преговарачките поглавја да отпочне што поскоро, за што Словенија ќе даде постојана отворена и силна поддршка.



На 23 февруари 2025 година Гаши оствари средба со Амер Капетановиќ, генерален секретар на Советот за регионална соработка. На средбата Гаши укажа на потребата од интензивирање и продлабочување на регионалната соработка и подобрување на меѓусоседските односи во Регионот. Потенцира дека државата посветува големо внимание на регионалната соработка, како клучна компонента за евроинтеграцијата на Регионот и во континуитет активно учествува во работата на регионалните организации и иницијативи.



На 22 и 23 февруари 2025 година се одржа 23-ти состанок на Мешовитиот парламентарен комитет Република Северна Македонија - ЕУ, со која претседаваа копретседавачите - пратеничката Иванка Василевска и европратеникот Карло Реслер.
Настанот беше поделен на две сесии. На првата сесија беа разгледани повеќе точки: Односите меѓу ЕУ и Северна Македонија; Фундаментални права и слобода на говор; Владеење на правото и борбата против корупцијата; Добрососедските односи, регионалната стабилност и регионалната соработка.
Во фокусот на втората сесија беа медиумите и граѓанското општество и нивната улога во процесот на пристапување во Европската Унија, економската криза и животната околина и транспортна и инфраструктурна поврзаност. На 23-ти состанок на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Северна Македонија беа усвоени Заеднички препораки.



Генералната секретарка на Собранието, Марина Димовска и заменик генералниот секретар Бобан Стојаноски на 11 февруари 2025 година учествуваа на Состанокот на генерални секретари на земји членки на ЕУ во Будимпешта, Унгарија, на која имаше и свое обраќање. На маргините на Конференцијата, Димовска оствари билатерална средба со генералниот секретар на Унгарското национално собрание, Ѓорги Суч, на која беше потврдена соработката меѓу двата парламента.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Венко Филипче на 3 февруари 2025 година оствари средба со вршителот на работите во Амбасадата на Република Полска, Мариуш Бримора, на која истакна дека задача на политичките фактори е да бараат начини за надминување на препреките во насока на остварување на стратешките цели на државата.



На 25 февруари 2025 година Филипче оствари средба со европратеникот и постојан известувач на Европскиот парламент за земјава, Томас Вајц. Нагласувајќи ја потребата од подинамичен дијалог во парламентот и поголема информираност на сите пратеници за ЕУ-процесите, Филипче изрази подготвеност за поддршка на законските решенија што произлегуваат од реформската агенда, доколку се во согласност со стратешките насоки на земјава за интеграција во Унијата.



Средба со Томас Вајц оствари и претседателката на Делегацијата од Собранието во Мешовитиот парламентарен комитет-Република Северна Македонија и Европската Унија, Иванка Василевска. На средбата, беа потврдени одличните билатерални односи меѓу Европскиот парламент и Собранието и континуираната соработка во рамките на МПК.



На средбата беше истакнато дека во градењето и негувањето на добрососедската политика приоритет треба да се даде на секојдневни теми кои ги тангираат граѓаните на соседните држави и регионот пошироко, како транспортот и инфраструктурата, заштитата на животната средина, економската соработка и трговската размена, контактите меѓу луѓето и други прашања од заемен интерес.

Претседателот на Комисијата за европски прашања и потпретседател на Собранието, Антонијо Милошоски, на 25 февруари 2025 година оствари средба со нерезидентната амбасадорката на Кралството Данска надлежна за земјава, Н.Е. Перниле Деилер Кардел. Во фокусот на средбата беа актуелните случувања на глобалната сцена и процесот на интеграција на нашата држава во Европската Унија, при што беа разменети мислења за предизвиците и перспективите со кои се соочува нашата земја во овој контекст. На средбата се разговараше и за тековните состојби во однос на клучните реформи во рамки на пристапните преговори и нашата заложба и посветеност, како држава, за надминување на предизвиците, исполнување на обврските во евроинтегративниот процес и обезбедување на негов континуитет. Милошоски изрази благодарност за важната поддршка од Кралството Данска за нашите евроинтеграции.



Заменик претседателот на Комисијата за европски прашања, Игор Здравковски и членот на Комисијата, Митко Трајчулески, учествуваа на Дваесет и првиот состанок на Регионалната конференцијата на парламентарните комисии за европска интеграција/прашања на земјите учеснички во Процесот за стабилизација и асоцијација во Југоисточна Европа (КОСАП). Конференцијата се одржа во Собранието на Република Албанија во Тирана.



## НОВИ АЛАТКИ ЗА Е-ТРГОВИЈА



Комисијата презема активности за да се справи со ризиците кои произлегуваат од увозот со мала вредност што се продава преку онлајн трговци на мало и пазари од трети земји.
Овие акции се дел од Комуникацијата за е-трговија, „Сеопфатен сет алатки на ЕУ за безбедна и одржлива е-трговија“, која Комисијата ја предложи на 5 февруари 2025 година. Во Комуникацијата, Комисијата предлага нови заеднички активности за да се одговори на загриженоста што произлегува од напливот на небезбедни, фалсификувани и на друг начин неусогласени или недозволени производи кои влегуваат на пазарот:
-**Царинска реформа** која вклучува отстранување на ослободувањето од царина за парцели со мала вредност вредни помалку од 150 евра и зајакнување на способностите за контроли како што се подобро споделување податоци и проценка на ризик.
- **Целни мерки за увезената стока**, вклучително и започнување на координирани контроли помеѓу царинските и органите за надзор на пазарот, како и координирани дејства за безбедноста на производите, како што е првата акција за безбедност на производите.
- **Заштита на потрошувачите на онлајн пазарите**, истакнување на практиките за е-трговија како јасен приоритет за спроведување според Законот за дигитални услуги, како и алатките како што се Законот за дигитални пазари и оние кои се однесуваат на сите трговци: Општата регулатива за безбедност на производите, Регулативата за соработка за заштита на потрошувачите и Мрежата за заштита на потрошувачите.
- **Користење на дигитални алатки**, кои можат да помогнат да се олесни надзорот на пејзажот на е-трговија преку пасошот за дигитален производ и новите алатки за вештачка интелигенција за откривање на потенцијално неусогласени производи.
**- Заштита на животната средина**, вклучително и усвојување на првиот акционен план за Регулатива за екодизајн за одржливи производи и повикување на брзо усвојување на целната измена за Рамковната директива за отпад.
- **Зајакнување на потрошувачите и трговците** преку кампањи за подигање на свеста во врска со правата на потрошувачите, ризиците и механизмите за обесштетување.
- **Меѓународна соработка и трговија**, вклучително и обезбедување активности за обука за правилата за безбедност на производите на ЕУ и проценка на какви било докази што може да се појават во врска со дампингот и субвенционирањето.

https://commission.europa.eu

## ПОРАСТ НА БРОЈОТ НА ФАЛСИФИКУВАНИ ЕВРА



Во 2024 година биле откриени и отстранети од оптек 554 илјади фалсификувани банкноти. Во споредба со 2023 година, ова е околу 90 илјади повеќе невалидни парчиња. „Вистинскиот број на фалсификати е зголемен во споредба со последните години, кога бројот на фалсификати беше исклучително низок по пандемијата COVID-19“, истакнува Европската централна банка при презентирањето на податоците.
„Во 2024 година беа откриени 18 фалсификати на милион оригинални банкноти во оптек“, што е „многу ниска“ стапка на фалсификување.
Апоените од 20 и 50 евра продолжија да бидат најчесто фалсификувани, со повеќе од 75% од вкупниот број. 97,8% од фалсификатите се откриени во земјите од еврозоната.

https://www.eunews.it

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА ОДРЖЛИВА И КОНКУРЕНТНА ЕКОНОМИЈА ЗА ПАКУВАЊА




На 11 февруари, регулативата за пакувања и отпад од пакувања стапи на сила со новите мерки за подобро справување со предизвиците со коишто се соочува животната средина. Оваа исклучително ќе влијае врз намалувањето на гринхаус емисија на гасови, користење на водата и трошоците од животната средина во индустријата за пакување.
Регулативата ќе креира можности за секторите за рециклирање и одржливост. Ова е важен чекор за постигнување на конкурентна, одржлива и циркуларна економија за Европската Унија.
Новите мерки се наменети за развој на единствениот пазар за отпад, секундарни и еднократни материјали; промоција на рециклирање и намалување на зависноста од примарните ресурси. Тие вклучуваат промовирање повторна употреба и полнење како алтернативи на пакувањето за еднократна употреба и подобрување на информациите за потрошувачите. Пакувањето ќе биде повеќе одржливо и ќе им овозможи на потрошувачите повторно да го користат и поефикасно да го сортираат својот отпад од пакување, со решенија приспособени на специфичните потреби на земјите членки и бизнисите. Регулативата на тој начин ќе ја подобри ефикасноста на ресурсите и ќе ја зголеми кружната употреба на материјалите.
Со понуда на нови деловни можности, регулативата ќе генерира работни места и ќе поттикне иновации во решенијата за пакување. Исто така, ќе ја зголеми и ефикасноста во секторот за рециклирање. Дополнително, ограничувањата за одредени опасни материи ќе го заштитат здравјето на потрошувачите и животната средина.

https://environment.ec.europa.eu

## ПРОСТЕ ПИСМО - ВИ АЛАТКА НА ПОЛСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО ЕУ



Полското претседавање со Советот на ЕУ е посветено на отворена и достапна комуникација. Ги опфаќа и иновациите – особено оние развиени во Полска! Затоа користи Proste Pismo, алатка за поедноставување на јазикот напојувана со вештачка интелигенција, создадена од истражувачи во Познан.
Proste Pismo беше развиен од експерти од Центарот за суперкомпјутери и вмрежување во Познањ (PCSS), во соработка со лингвисти од Универзитетот Адам Мицкевич и градот Познан. Тимот за јавна комуникација на Претседателството неодамна почна да го користи Proste Pismo за да ги направи текстовите подостапни.
Јасниот јазик ја зајакнува безбедноста на информациите - елиминирањето на двосмисленоста го намалува ризикот од манипулации и ја зголемува отпорноста на надворешно мешање, што е еден од клучните приоритети на полското претседателство.

https://polish-presidency.consilium.europa.eu

## ОДБРАНБЕНА АГЕНДА НА ЕУ ЗА 2025 ГОДИНА



Европската Комисија планира да воведе шеми за реконструкција на способноста на континентот да се спротивстави на кризите и да планира за иднината, вклучително и ревизија на фондот за истражување и развој.
Европската комисија во првиот и вториот квартал годинава планира да спроведе ревизија на Европскиот одбранбен фонд за кофинансирање на истражувањата и развојот на воени производи. Комисијата ќе претстави Бела книга за одбрана на ЕУ, која има за цел да и обезбеди на ЕУ список на празнини во способностите, алатки за финансирање и план за индустриско производство, закажано за 19 март. Дополнително ЕК ќе претстави нова Стратегија за внатрешна безбедност, по завршувањето на Стратегијата за безбедносна унија на ЕУ.
Во третиот квартал ЕК е во план да донесе Акт за вселената со кој се предвидува да се создаде единствен пазар на вселената за да се зголеми независноста на ЕУ во критичниот сектор, вклучително и за војската.
Заедничка комуникација во врска со новата стратешка агенда ЕУ-Индија е планирана за летото.2025 година
Комисијата во четвртиот квартал годинава ќе ја разгледа Директивата за трговија со огнено оружје 2020-2025 година.

https://www.euractiv.com

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ИДНИНАТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ



На 20-21 февруари 2025 година, Европскиот центар за солидарност во Гдањск беше домаќин на министерска конференција за предизвиците со кои се соочува пазарот на трудот во блиска иднина. Настанот ги обедини на едно место владините претставници, европските институции, експертите и општествените организации. Конференцијата ја отвори Агњешка Џимијанович-Бак, министерка за семејство, труд и социјална политика, која ја истакна улогата на современите технологии во обликувањето на пазарот на трудот. На министерската дебата присуствуваше Оливер Ропке, претседател на Европскиот економски и социјален комитет, заедно со претставници на социјалните партнери на ниво на ЕУ.
Дискусиите се фокусираа на автоматизацијата, промените во моделите на вработување и потребата од прилагодување на социјалните политики на брзите технолошки промени.
Дебатата ја нагласи потребата да се прилагодат политиките за вработување на стареењето на општеството, да се продолжат можностите за работниот век и да се промовира активното стареење.
Технолошките достигнувања, вклучително и вештачката интелигенција, ги трансформираат сите аспекти на животот, вклучително и пазарот на трудот и работните услови. Додека иновациите создаваат нови можности за личен развој, одржливост и економски раст, таа, исто така, воведува предизвици кои бараат политички одговори.
Министерската конференција во Гдањск обезбеди клучна платформа за дискусија за иднината на работата во Европа. Учесниците изразија надеж дека заклучоците и препораките развиени за време на настанот ќе помогнат да се изградат поотпорни и флексибилни пазари на труд низ ЕУ.

https://polish-presidency.consilium.europa.eu

## ОХРАБРУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ЗА УЧЕСТВО ВО НАУКАТА




Помалата застапеност на жените во науката останува значаен предизвик. Жените сочинуваат 48% од бројот на доктори на науки во ЕУ, но само една третина од истражувачите. Бариерите како што се пристрасност, недостатокот на менторство и ограничените ресурси продолжуваат да го попречуваат целосното учество на жените во истражувањето и иновациите. Меѓународниот ден на жените и девојките во науката на 11 февруари повикува и на прослава и на акција за инспирација и поддршка на жените во научните области.
Европската комисија ја поддржува родовата еднаквост во истражувањето преку иницијативи како што е Планот за родова еднаквост, кој бара од високообразовните и истражувачките организации да имплементираат планови кои се однесуваат на рамнотежата помеѓу работата и животот, рамнотежа меѓу мажите и жените во раководството, еднаквоста при регрутирање и многу повеќе. Европската Унија ги препознава организациите кои предизвикуваат промени со Наградата на ЕУ за шампиони за родова еднаквост, во чест на институции како Универзитет Ровира и Вирџили во Шпанија и Југоисточен технолошки универзитет во Ирска.
Проектите финансирани од ЕУ имаат за цел да го зголемат учеството на жените во STEM, како што е проектот HorizonEurope STREAM IT, кој се фокусира на создавање инклузивни образовни алатки за млади девојки и STEAMBrace, кој работи на затворање на родовиот јаз во истражувањето и иновациите. Други проекти како Road-STEAMer и SENSE развиваат стратегии за подобрување на родовата еднаквост во научното образование.
Жените како д-р Ен Л'Хуилје, добитничка на Нобеловата награда за 2023 година и проф. Рана Сањал, добитничка на Европската награда за жени иноватори за 2024 година, го прикажуваат влијанието на финансирањето на ЕУ врз поддршката на жените истражувачи. Овие напори помагаат да се инспирира и да се зајакне следната генерација женски научници.

https://rea.ec.europa.eu

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЕНЕРГИЈА



Европската комисија на 26 февруари 2025 година предложи Акциски план со краткорочни мерки за намалување на трошоците за енергија, комплетирање на Енергетската унија, привлекување инвестиции и за подобро подготвеност за потенцијални енергетски кризи. Целта на планот е да се заштеди енергија во висина од 260 милијарди евра годишно до 2040 година. Планот е предвиден како клучна компонента на Договорот за чиста индустрија и треба да придонесе за намалување високите сметки за енергија на домаќинствата и на индустриите, со проценети вкупни заштеди од 45 милијарди евра во 2025 година. Заштедите ќе растат постепено до 130 милијарди евра годишно до 2030-та и до 260 милијарди евра до 2040 година.
Планот предлага и мерки за справување со предизвиците кои придонесуваат за раст на трошоците за енергија во ЕУ, за намалување на увозот на фосилни горива и за целосна интеграција на системот за електрична енергија.
Според претседателката на Еврокомисијата, Урсула фон дер Лајен, ЕУ работи на намалување на цените на енергијата и на зголемување на конкурентноста. Извршната потпретседателка на ЕК за чиста, праведна и конкурентна транзиција, Тереза Рибера истакна дека чиста транзиција не е можна без пристап до прифатлива енергија за сите.

https://commission.europa.eu

## АНКЕТА ЗА УПОТРЕБА НА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА



Мнозинството на луѓе во Европа сметаат дека дигиталните технологии, вклучувајќи ја вештачката интелигенција, имаат позитивно влијание на нивните професии, економија, општеството и квалитетот на животот. Оваа се резултатите од анкетата на Евробарометар.

Повеќе од 60% од Европејците имаат позитивен став за роботиката и вештачката интелигенција на работното место. Над 70% веруваат дека ја подобрува продуктивноста. Од друга страна, мнозинството ја поддржуваат употребата на вештачка интелигенција и роботика за донесување одлуки на работното место. 84% од европејците мислат дека истата бара претпазлив менаџмент за заштита на приватноста и обезбедување на транспарентност на работа.

Резултатите на оваа анкета се поклопуваат со клучните цели на Компасот за конкуренција на ЕУ, за интеграција на дигиталните технологии и вештачката интелигенција на работни места за поттикнување на иновации и продуктивност. Европската Унија има издвоено 2 милијарди евра од Европскиот социјален фонд и 23 милијарди евра од Фондот за обнова и отпорност за поддршка на земјите членки во развој на нивните дигитални вештини. Исто така, Дигиталниот европски програм инвестирал 580 милиони евра во унапредување на дигитални вештини помеѓу 2021- 2027 година.

https://employment-social-affairs.ec.europa.eu

## БИБЛИОТЕКА СО ДОКАЗИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРАКТИКИ: АЛАТКА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКА ОДРЖЛИВОСТ



Заедничкиот истражувачки центар - JRC на 21 февруари 2025 година ја лансираше библиотеката за докази за земјоделски практики, сеопфатна база на податоци што собира научни сознанија за еколошките и климатските ефекти на различните земјоделски методи. Придружуван од контролна табла погодна за корисниците, оваа алатка обезбедува достапни докази засновани на наука за креаторите на политики, земјоделците и истражувачите.

Библиотеката со докази им овозможува на корисниците да ги анализираат и споредат податоците за влијанијата на земјоделските практики, а истовремено да ги сумираат клучните наоди од истражувањето.

Библиотеката, која се заснова на сеопфатна збирка податоци на докази за мета-анализа, може да послужи и како основа за одржливи системи за споредување на земјоделството, поддржувајќи ги напорите за сертификација усогласени со Таксономијата за одржливи финансии на ЕУ.

Истражувачите, здруженијата на земјоделците и невладините организации вклучени во одржливото земјоделство би се потпирале на ова знаење за да добијат увид во ефектите на различните земјоделски практики врз животната средина. Врз основа на Библиотеката, научната заедница може да ги мапира празнините во знаењето и да одговори на идните истражувачки напори.

Библиотеката за докази за земјоделски практики на JRC е дел од истражувањето и научната поддршка што JRC ја нуди за анализа на политиките за земјоделство и храна.

https://joint-research-centre.ec.europa.eu

## НОВИ ДРЖАВЈАНСТВА ВО ЕУ ВО 2023 ГОДИНА

Во 2023 година, 1,1 милион луѓе добиле државјанство на земјата на ЕУ каде што живееле, што претставува зголемување од околу 6,1% во споредба со 2022 година. Најголем дел од новите државјанства беа доделени од Шпанија (240.200; 22,9% од вкупниот број на ЕУ), Италија (213.600; 20.3%) и Германија (199.800; 19.0%).
Мнозинството (87,6%) од луѓето на кои им е доделено државјанство на ЕУ биле државјани на земја која не е членка на ЕУ. Граѓаните на друга земја на ЕУ освен земјата на живеење учествувале со 10,7%. Оваа информација доаѓа од податоците за стекнувањето државјанство што ги објави Евростат. Оваа статија претставува само неколку наоди од подеталната статија „Објаснето за статистика“.
Во 2023 година, сириските државјани беа најголемата група на нови граѓани на ЕУ, со вкупно доделени 107.500 нови државјанства. Втората по големина група беа мароканските државјани со 106.500 доделени државјанства, а потоа следува Албанија со 44.400 државјанства.

https://ec.europa.eu/eurostat/




### ДОНЕСЕН ЗАКОН ВО ФЕВРУАРИ 2025 ГОДИНА

1. *Закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи.

***ЕУ КАЛЕНДАР / март 2025***

1. *Состанок на Советот за надворешни работи, 17/03/2025, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за општи работи, 18 и 28/03/2025, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 10-13/03/2025, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: „11 Октомври“ бр.10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локали 414 и 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




